РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-16/1
19-05 2025 год.
ПРОБИШТИП

Согласно Одлуката за одобрување на субвенционирање на граѓани, жители општина Пробиштип за набавка на сончеви колектори во 2025 година и утврдување на начинот, условите и постапката за субвенционирање, бр.26-92/11, донесена на 27.01.2025 година, од страна на Советот на општина Пробиштип и согласно Програмата за подршка на локален економски развој и заштита на животната средина на Општина Пробиштип за 2025 година бр.26-805/23 од 10.12.2024 година, Градоначалникот на општина Пробиштип објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За субвенционирање на граѓаните на Општина Пробиштип за набавка на сончеви колектори за 2025 година

### 1.Опис на јавниот повик

Општина Пробиштип со цел да ги стимулира жителите на Општина Пробиштип (домаќинствата) за користење на обновливи извори на енергија за затоплување на вода, кои минимално ги загадуваат воздухот и почвата и не влијаат врз климатските промени, ќе им обезбеди поврат на дел од потрошените средства за сончеви колектори купени во тековната година.

Субвенционирањето на граѓаните, жители на општина Пробиштип за набавка на сончеви колектори ќе се финансира од Буџетот на Општина Пробиштип за 2025 година - ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2025 ГОДИНА и Подпрограма за заштита на животната средина, а вкупната вредност за субвенционирање по оваа мерка изнесува 500.000 денари со вклучени средства за исплата на персонален данок.

Висината на поединечната субвенција по барател/домаќинство ќе изнесува 10.000 денари со вклучен персонален данок на доход.

Субвенционирањето ќе се врши во рамките на планираните буџетски средства по принцип „прв дојден–прв услужен,,.

Исплатата на субвенцијата ќе се врши врз основа на донесено Решение од Градоначалникот на општина Пробиштип.

**2.Право на учество на јавниот повик**

Секој барател кој поднел барање за субвенционирање за набавка на сончев колектор треба да ги исполнува следните услови:

- Да е жител на општина Пробиштип
- Сончевиот колектор да е купен во тековната година за која е распишан Јавниот повик, се до завршување на Јавниот повик, односно до исцрпување на средствата од Буџетот на Општина Пробиштип за субвенционирање за купување на сончев колектор
- Да нема искористено субвенции од кој било извор во Република Северна Македонија за сончев колектор
- Станбениот објект да не е во фаза на градба, да е легално изграден и евидентиран во Агенцијата за катастар на недвижности и во него да живее барателот и истиот да е на територија на општина Пробиштип
- Да има платено данок на имот за станбениот објект каде што ќе биде инсталиран сончевиот колектор, заклучно со годината за која е распишан Јавниот повик
- Само едно лице од домаќинството може да поднесе барање за добивање надоместок исклучиво за еден сончев колектор

**3.Потребни документи за учество на Јавниот Повик**

Барателот за исполнување на условите од Јавниот повик, со барањето ги доставува следниве документи:

- Пополнет Образец за Јавниот повик за доделување на субвенции за набавка на сончев колектор
- Фотокопија од лична карта
- Фискална сметка или фактура и извод од банка за извршената уплата или Договор за плаќање на рати со прилог за платена прва рата (оригинал или фотокопија заверена на нотар)
- Фотокопија од трансакциска сметка

- Потврда за платен данок на имот за станбениот објект за тековната година
- Изјава заверена кај нотар дека нема користено субвенции од кој било извор во Република Северна Македонија за набавка на сончев колектор
- Имотен лист за објектот со адреса на подрачјето на општина Пробиштип каде е вграден сончевиот колектор.

**4. Начин на пријавување на Јавниот повик**

Барањата за субвенционирање за набавка на сончев колектор и другата документација во прилог, се доставуваат во затворен плик до „Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на граѓаните за набавка на сончев колектор“ во архивата на Општина Пробиштип, на адреса ул.Јаким Стојковски бр.1 Пробиштип, секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот.

На пликот треба да е наведено: „Јавен повик за субвенционирање на граѓаните за набавка на сончев колектор“.

Архивата на Општина Пробиштип примените барања ќе ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

Образецот на барање и образецот на изјава, ќе бидат достапни на веб страницата на Општина Пробиштип, www.probistip.gov.mk и во архивата на општина Пробиштип.

**5.Начин на одобрување**

Одобрувањето на субвенцијата за набавка на сончеви колектори за граѓаните од општина Пробиштип ќе го врши Комисија која има право да врши увид на лице место.

Одобрувањето на субвенцијата за набавка на сончеви колектори ќе се врши по принципот „прв дојден-прв услужен„.

**6. Јавен Повик**

Заинтересираните граѓани ќе може да бараат субвенција по распишувањето на Јавниот повик за тековната година и ќе трае до крајот на ноември во тековната година, односно до искористување

на предвидените средства. Јавниот Повик ќе биде објавен на Огласна табла, на веб страната и на Фејсбук профилот на Општина Пробиштип.

## 7. Комисија

Комисија формирана од Градоначалникот го распишува Јавниот Повик, ги разгледува пристигнатите барања и документацијата во прилог, прави листа со податоци за лицата кои ги исполнуваат условите за користење на субвенција за сончев колектор, врши теренски увид кај сите баратели кои имаат доставено уредна и комплетна документација со цел да утврди дека купениот сончев колектор е инсталиран во живеалиштето по личната карта на барателот, дека станбениот објект не е во фаза на градба и барателот во него живее.

## 8. Исплата на средствата

Градоначалникот на Општина Пробиштип на предлог на Комисијата донесува Решение за усвојување на барањето за барателите кои ги исполниле условите од овој Јавен повик и Решение за исплата на субвенцијата за сончев колектор. Во случај на неусвојување на Барањето, на предлог на Комисијата, Градоначалникот на Општина Пробиштип дава писмено известување за одбивање на Барањето.

Изготвил:Тони Геров
Контролирал:Ирена Бошковска
Одобрил:Билјана Ефтимова

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Драган Анастасов**

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
2
ПРОБИШТИП